Тања МИЛОШЕВСКА УДК: 355.425.4

# КОНЦЕПТ НА ГЕРИЛСКО ВОЈУВАЊЕ

***Кратка содржина***

*Герилското војување не е нов феномен и историјата сведочи за неговата повеќекратна појава. Во поновите времиња почна да му се придава важност особено за време на Наполеоновите војни, кое води до разгледување на неговата улога од страна на водечките размислувачи во текот на деветнаесеттиот век, меѓу кои Клаузевиц, Жомини, Маркс и Енгелс.*

*Во текот на наредниот век, концептот и примената на герилското војување се вклопува во општествените, економските и политичките програми чија цел била да се отфрли воспоставениот авторитет и да се трансформира општеството преку вооружена битка. Врската која се воспоставила во средината на деветнаесеттиот век од страна на италијанските и полските револуционери како Карло Бјанко и Мацини се реализирала во теоријата и практиката на Мао Це-Тунг во дваесеттиот век. Овој труд има за цел да го открие поимот, развојот и структурата на герилското војување.*

***Клучни зборови***: *ГЕРИЛСКО ВОЈУВАЊЕ, РЕВОЛУЦИОНЕРНА ВОЈНА, И УРБАНИ ОПЕРАЦИИ.*

## Вовед

Терминот „Герилско војување“ влегол во модерниот лексикон за време на Наполеоновите војни[1]. Тоа е облик на војување, односно техника или метод кој се користи за да се постигне одредена цел.

Оваа форма на војување е стара најверојатно колку и човештвото, односно, постара е и од конвенционалната војна. Герилата е тип на војување водена од релативно мали формации против посилен непријател. Во повеќе случаи герилското војување служело един-

[1] Герила е мала војна. Потекнува од зборот querrilleros, кој се однесувал на шпанските и португалски бунтовници кои дејствувале против француските окупациски армии (1808-1814).

ствено како помошна форма, особено во позадината на непријателскиот фронт, додека главниот воен напор имал форма на конвенционална војна.

Сепак, во повеќе востанија, герилското војување, барем за кратко време, било основната форма на војување. Како стратегија, герилата избегнува директни одлучувачки битки и таа повеќе се одвива во вид на повеќе мали судири. Во некои герилски доктрини конечната победа се очекува да се добие како резултат на исцрпувањето на непријателот. Други доктрини пак инсистираат на тоа дека герилата е само привремена фаза на борбата, наменета да ги натера востаниците да формираат редовна армија, која евентуално ќе победи преку конвенционално војување.

Според опширната дефиниција на Самуел Хантингтон:

„Герилското војување е облик на војување преку кое стратегиски послабата страна презема тактичка офанзива во определени форми, времиња и места. Герилското војување е оружјето на послабиот. Никогаш не се избира како опција, ако постои можност да се води вообичаена војна; се применува само тогаш и таму каде можностите за конвенционална војна се однапред исклучени". (Huntington, 1962)

Воопшто, овој е начинот на кој се применува: од страна на мали групи на одметници кои се борат против помоќна освојувачка армија, или за да ја ослабнат контролата на армијата на веќе освоените територии од нивна страна, или пак, како додатно средство во класична војна; и, како воведни фази на револуционерна војна чија цел е да се отфрли постојниот политички авторитет. Герилското војување се одредува во зависност од слабостите на бунтовниците во однос на надмоќните воени сили со кои се во судир. Бидејќи слабоста ја исклучува можноста за директен судир на отворена битка, герилците неопходно ја негираат воената победа на нивните противници. Пишувајќи за Виетнамската војна, Хенри Кисинџер забележал:

„Ние водевме вооружена војна додека нашите противници водеа политичка војна. Сакавме да предизвикаме физичко исцрпување, нашите противници сакаа ние психички да бидеме истоштени. Во меѓувреме ние запоставивме едно од главните начела на герилското војување: **герилецот победува ако не изгуби. Регуларната армија губи ако не победи**". (Mack, 1975:184-85)

Целта на герилската стратегија на одрекување не е да се контролира територија. Наместо тоа заседите и операциите од типот „удри и бегај" се изведуваат со цел да се ослабни државната контрола

врз териториите и населението. Поради тоа, потребите за вооружување на герилците се сведуваат на полесно оружје. Според тоа, герилското војување е релативно евтино да се спроведе, меѓутоа релативно скапо е да се спречи.[2] Целта на герилецот е да наметне загуби на противникот во облик на војници, залихи, инфраструктура, мир и најважно од сè, време. Со други зборови, герилската војна е осмислена **„да ја уништи волјата, а не капацитетот на противникот“**. (Arrequin, 2001:103)

## Герилското војување како дел од конвенционалната војна

Герилското војување се појави како позначаен феномен во проучувањето на војната како последица на Шпанско-Португалските герилски операции против Француските окупациски сили во првата декада на деветнаесеттиот век. Оттогаш во севкупните анализи, на овие бунтовнички операции се гледа како на споредбено помал дел на Наполеоновите војни. Повоените аналитичари имаа тенденција да гледаат на герилското војување како на дел од конвенционалната војна или како на дел од национално востание против странски окупатор.

Клаузевиц, на пример, сметал дека герилското војување е помошно средство на регуларните воени сили при отпорот спрема армијата која напаѓа. Одметниците, од негова гледна точка, не треба да се ангажираат против било која многубројна непријателска сила. Нивната цел не треба да биде **„да се здроби јадрото, туку да се нагризува штитот наоколу и на рабовите“**. Тие треба да се ангажираат надвор од бојното поле на војната, со цел да се одрекува власта на освојувачот на териториите. Клаузевиц ги прикажа партизаните како „нејасни и несфатливи“, чиј отпор „никогаш не треба да се оствари како конкретно тело“, инаку соодветна воена сила би можела многу лесно да ги совлада. За да бидат ефективни, бунтовничките сили мораат да се концентрираат на точки низ крилните позиции од непријателското бојно поле, „каде непријателот ќе биде ранлив на нивните најсилните удари“. (Clausewitz, 1989:480-82)

Жомини, исто така, го лоцирал герилското војување во матрицата на националните востанија против напаѓачка армија. Од

---

[2] На пример, буџетот на FLN (Фронт за национално ослободување) на бунтовниците во Алжир бил околу 30-40 милиони американски долари годишно, сума која Французите ја потрошиле за помалку од две недели.

негова гледна точка, тешкотиите на освојувачите се особено големи кога општонародното востание се „потпира на јадро од тренирани трупи“. Без поддршка од стручна и организирана војска, народните востанија секогаш би биле во краток рок задушувани. Освојувачот не би можел да задржи никаква земја „освен таа на која се улогорува...“. Во споредба со герилците кои ги знаат и најмалите патеки и се општо потпомогнати од луѓето, освојувачот е како слеп човек. Исто како Дон Кихот, освојувачот напаѓа непостоечки непријател, дури и кога герилата ги прекинува неговите врски на комуникација, ги уништува групите војници кои се задолжени да внимаваат на нив, ги изненадува вооружените стражи, складовите, и спроведува војна која е толку уништувачка за напаѓачот што тој неизбежно мора да отстапи по одредено време. (Asprey, 1975:164)

Дури и пионерите на социјализмот, Карл Маркс и Фридрих Енгелс, гледаа на герилските операции како на додатен дел на народно војување. Разгледувајќи го минатото, Маркс забележал дека герилските групи биле најуспешни додека биле мали. Откако ќе формирале сопствена армија за брзо време потоа биле поразувани. Енгелс, од своја страна пак, заклучил дека герилското војување немало многу голема иднина. Со постоењето на модерниот вооружен систем на престрелки од линија на стрелање, позади која се лоцирани групи за поддршка и резервисти, како и тактиката на концентрација на трупите против една заедничка мета, герилците се соочуваат со одреден пораз. Единствените услови при кои големите армии не би биле способни да направат брз прогрес се кога народниот отпор има ослабнато. Дури тогаш, герилската војна би успеала само преку поврзување при операции на регуларни воени сили. (Laquer, 1957:142)

## Герилското војување како прецизна наука

Следниот репер за концептуалниот развој било искажувањето на Т. И. Лоренс дека некои фактори, ако продолжат да се движат по одредени линии, може да покажат дека герилското војување е прецизна наука.[3] Факторите кои Лоренс ги споменувал биле: непристап-

[3] Т. И. Лоренс-британски службен офицер кој служел во Средниот Исток за време на Првата светска војна и кој координирал со операциите на арапските бунтовници против турската власт. Откако се појавил арапскиот револт во јуни 1916, тој бил задолжен да воспостави контакт со лидерите на движењето. Веднаш потоа бил назначен за советник и офицер за соработка со принцот Феисал, кого Лоренс го наименувал за вистински лидер на движењето.

на герилска база, регуларна противничка армија со ограничена сила, а со задача да контролира широка територија и благонаклонето население. Она што на самите герилци им е потребно во такви околности е брзината и издржливоста, односно отпорот, независни канали за снабдување со залихи исто како и техничка опрема за да се парализираат противничките канали на комуникација. Како што Лоренс забележал „овозможената мобилност, безбедност (во смисла да не се биде на мета на непријателот), време, доктрина и бунтовниците ќе ја освојат победата...“. (Laquer, 1957:169)

При неговиот прв контакт со бунтовниците Лоренс бил сигурен дека тие не би можеле да ги изведат воените вежби од европски стил, а оттука, ниту да организираат регуларни единици. Според тоа, тој предвидел војна „меѓу дервиши и регуларни трупи“. Поради отсуството на организирани сили и, поради тоа, и неспособност да се уништи турската армија во битка, всушност главната цел на Арапите мора да биде „географска, да се истиснат Турците од земјите во Азија каде се зборува на Арапски“. Ова би се постигнало кога Арапските бунтовници би станале „влијание, идеја, нешто недопирливо, нераниливо, без преднина или позадина, но сепак нешто што се провева наоколу како гас“. (Lawrence, 1957:104)

Анализите на Лоренс би продолжиле оттука. На Турците им требале околу 600,000 трупи за да ја задржат контролата врз Арапскиот Полуостров. Но бидејќи тие имале само 100,000, не успеале. Покрај тоа, воениот материјал бил дефицитарен за турската страна. Оттука целта била да се уништат материјалните ресурси. Уништувањето на турски мост или железница, машина или пиштол или поопасен експлозив, според него, „било повеќе профитабилно... отколку смртта на Турчин“. (Lawrence, 1957:104) Турската армија не била целта, туку нејзините канали на комуникација. За да се постигне оваа цел, на Арапите им требал „многу мобилен и екипиран тип на сила“. Затоа што, „за стратегијата поважен е дострелот отколку силата“ и најмалата сила може да биде искористена за да се стигне до најдалечното место за најбрзо време. Битките не биле потребни затоа што нив помоќната сила ги наметнува на инфериорниот противник. Оттука, Арапите „не бранеле ништо и не стрелале ништо“. (Asprey, 1957:287-88)

Лоренсовиот поим исто така се изместува од идејата за герилското војување како за чисто воен феномен и става многу поголем акцент на политичките димензии на таквите конфликти. Само трети-

на од герилското војување, од негов аспект, бил воен проблем. Дури и природата на овој „технички аспект" во основа зависела од другите две третини кои биле политички. (Baylis, 1975:133)

## Герилското војување како компонента од револуција

Востанието било главен дел на револуционерната доктрина во деветнаесеттиот век. Иако неговата техника не била комплетно доизградена во тоа време, поборниците за „револуција" дале важен придонес во врска со ова. Главни меѓу нив биле италијанските и полските радикали, кои расправале за доктрината за герилското војување како за најефикасен политичко-воен пристап за постигнување на национално ослободување и обединување.

Италијанскиот радикал Карло Бјанко бил првиот кој воспоставил врска меѓу герилското војување и радикалната политика (1828-29). Неговите анализи започнале со претпоставката дека Италија не може да биде ослободена со модерна војна. Востаниците не би биле способни да соберат пари, да набават соодветно оружје, и да соберат доволно голема армија за да се постигне целта. А во спротивно, би било многу лесно тие да мобилизираат два милиони Италијанци за народна војна. Герилските единици, според него, би требало да опфатат меѓу 10 и 50 бунтовници во првите фази на војната. Ако силите се поголеми тие би биле ранливи на воените акции и инфилтрацијата на противникот. Непрекинатото герилско војување ќе се развиело, со тек на време, во вистинска народна војна која ги вклучува сите делови на општеството. Во подоцнежните етапи на војната, ќе се формирале одреди а евентуално и регуларна армија. Бидејќи целта не била да се постигне само независност туку и конституирање на Италија како „република", тој го предвидел транзициониот период на револуционерниот терор и чистењето па дури и истребувањето на сите внатрешни непријатели во ослободените области.

Според Мацини, герилците биле предвесници на нацијата, која тие би ја „дигнале во востание". Генерал Гиљермо Пепе инсистирал на потребата од воспоставување на „слободни зони" за време на раните фази на самиот конфликт. Енрико Џентилини гледал на герилското војување, кое било развлечено по природа, како на вовед во народна војна. Но откако европските востанија во 1848 биле сруше-

ни, револуционерните писатели претендирале да го намалат вниманието кое се посветувало на герилата во идните борби. (Laquer, 1957:169)

Кога револуцијата конечно успеала во Русија во 1917, герилското војување не одиграло значајна улога. Но Лениновите предреволуционерни пишувања предвиделе продолжена битка организирана под строга контрола на комунистичката партија. Судирот, според него, би бил во различни форми: селективен терор преку убиства, конфискација на пари од владата и од приватни лица како и демонстрации, штрајкови и улични борби. Герилското војување е неизбежна форма на битка во време кога масовното движење всушност би ја достигнала точката на востание и кога постојат прилично големи интервали меѓу „големите битки во граѓанската војна“. Но герилското војување не е единствениот, ниту главниот метод на борба. Тоа мора да биде подредено во однос на другите методи и „да биде облагородено од страна на поучното и организирачко влијание на социјализмот“. (Lenin, 1978:172-78)

### Мао Це-Тунг и Народната војна

Меѓу бунтовничките стратегии кои што се појавија во периодот на Студената Војна, Маоистичката „народна војна“ се покажа без сомнение како најуспешна. Моделот на „народна војна“ промовиран од Мао Це Тунг, со исклучок на Куба, беше успешно проследен и реализиран речиси од сите победнички бунтовници[4] – Виетнам, Камбоџа, Гвинеа Бисао, Намибија, Алжир. Тие својата победа ја остварија со примена на некоја варијанта на Маоцетунговата „народна војна“ со целосно почитување на спецификите на основните фактори на војната во конкретните држави.

Суштински карактеристики, односно доминантни одредници што ја детерминираат Маоцетунговата народна војна беа следните:

- примат на политичката организација над военото дејствување;
- развивање и изградување на опсежна политичка поддршка и создавање на заеднички фронтови на прогресивни и револуционерни организации и движења;

[4] Терминот бунтовници во доктринарните документи на Армијата на САД се користи за борците кои во своите матични земји народот ги нарекува герилци, револуционери, борци за национално и социјално ослободување итн.

- развлекување (на непријателските сили) и
- нагласување на руралните подрачја. (Котовчевски, 2004: 34)

Герилското војување било важен елемент во Маовата шема, кое се применува во рамките на нацијата со оружје и опрема. Но тоа е само еден аспект на револуционерната битка и само по себе не може да постигне целосен успех. Не претставува целина, и затоа, не може да се раздели од операциите на регуларните сили. Додека герилските операции можат привремено да станат „најважни" во целиот контекст на војната, регуларните сили се „од примарно значење". Затоа што одлуката зависи само од вторите. Герилското војување може да влијае врз регуларните сили при донесувањето на одлука која би му одговарала. Значи додека тоа мора да биде промовирано како „неопходна стратегиска помошна единица за општоприфатените операции", на герилското војување не треба да му се назначи примарна позиција во воената стратегија. Мао на своите анализи го додаде и предупредувањето дека под специфични услови, герилското војување може да се развие и преземе општонародни карактеристики." (Tse-tung, Guevara, 1978:31-32)

Герилското војување според Маоистичкото определување на поимот било само една од серијата на фази кои се разграничуваат од револуционерната битка. Првата фаза била подготвителна фаза, кога регионалните бази се организирале и консолидирале. Герилските напади, ограничени на мали акции во првата фаза, се надминати во следната. Во исто време политичките активности се проширувале до периферните области за да ги апсорбираат во „ослободената" зона. Третата фаза била одлучувачката зона кога непријателот се уништува низ општоприфатени воени операции. Значителен процент од герилските сили мораат да се трансформираат во регуларна армија во оваа фаза иако герилските операции не се целосни како на регуларна армија во оваа фаза. Ако герилските операции не бидат целосно спречени во оваа фаза, тие би играле само споредна улога. (Lewis, 1971:64-65)

Герилските операции мора да произлегуваат од јасно определена политичка цел и мора да бидат соодветни со аспирациите на народот. Герилското војување исто така нема да придонесе во освојување на победата ако е неорганизирано." (Tse-tung, Guevara, 1978: 32-34) Важноста на политичкиот фактор го натерала Мао да го изгради концептот со три единици, имено, политичките активности се применуваат прво кај трупите, потоа кај луѓето, и најпосле кај непри-

јателот. Она во што тие преминале се три главни акции: „духовно обединување“ на офицери и луѓе во рамките на Црвената Армија, „духовно обединување на Црвената Армија и народот, и уништување на единството на непријателот“.

Првата од овие работи може да се постигне со осигурување дека офицерите и обичните војници живееле и се бореле под исти услови. Предизвикувањето на духовното обединување од страна на Комунистичката Армија и народот воглавно е прашање на убедување на нацијата да се идентификува самата себеси со револуционерните сили. За таа цел Мао поставил детални правила за тоа како трупите треба да го третираат народот. Во тој контекст тој сака да ги претстави луѓето како водите, а војниците како рибите кои живеат во водите. Третата целина требало да се придобие со „пропагирање“ на непријателските трупи и со третирање на заробените војници со разбирање и почит. Грешка во оваа смисла само би ја засилила идејата дека непријателот е посолидарен.

За да се организира Револуцијата, Мао предлагал поделба и прераспределба на земјата во „воени области“ и оддели, кај секој посебен воен командант и политички комисионер. Населението во секоја област треба да се вооружи и организира во две групи: група за борба и група за самоодбрана. Борците би требало да состават герилски тимови, водови или дружини, под директна надлежност на воениот командант. Оние кои не учествувале во битките без разлика на полот ги сочинувале само-одбранбените групи или единици. Нивни должности биле: стражарење, разузнавање, одржување ред, отежнување на противничките контра-герилски акции, грижа за ранетите во акциите, обезбедување на храна за герилците. На овој начин Мао сакал да ја вклучи целата популација во револуционерната борба, предводени од герилските операции. Не само што народната поддршка била неопходна, туку таа била и пресудна за природата на герилските операции. Основните карактеристики на герилското војување биле изненадувањето, готовноста, мобилноста и тактичката офанзива која барала внимателно планирање. А доброто планирање зависи само од луѓето од каде единствено може да се добијат разузнавачки информации.

Воените должности на герилците вклучуваат: „истребување“ на помалите непријателски сили, ослабнување на поголемите сили, напаѓање на противничките канали на комуникација, воспоставување на бази од каде ќе можат да се изведуваат независни операции. Тактиките кои герилците ги користат за оваа цел се:

***...Да изгледа како да напаѓаат од исток а всушност да напаѓаат од запад; да не напаѓаат онаму каде има поголема концентрација на војници туку каде што таа концентрација е помала; да нападнат; да се повлечат; да нанесат молскавичен удар, да донесат молскавична одлука. Кога герилецот се бори против посилен непријател, тие се повлекуваат кога тој напредува; му додева кога тој запира; го напаѓа кога е истоштен; го следи кога тој се повлекува.*** (Ibid.p.p.34-35)

Задните крила и било кои други ранливи точки се виталните точки на противникот. Герилците мораат да се фокусираат во своите напади на овие точки за да им додеваат, да ги напаѓаат, да ги разбиваат, истоштуваат и конечно да го уништат непријателот. Ова е единствениот начин на кој герилците можат да ги изведуваат нивните „мисии за независност... акција и координација со напорот на регуларните армии". (Ibid.p.p.34-35)

Моделите на Маоцетунговата народна војна располагаа со огромна потенцијална енергија за масовно артикулирање на нагомиланиот гнев и големото незадоволство на локалното население (посебно незадоволство на населението во руралните центри), во едно ефикасно, стратегиски значајно движење.

Експанзијата на вооружените бунтови (бунтовничките дејства) беше поттикната од меѓународната мрежа на поддршка манипулирана од определени големи сили. Вооружените опоненти постанаа сериозна закана за актуелните режими посебно после нивните солидно извршени воени подготовки (тренинг и опрема) од определени „пријателски земји" во тој период од Советскиот Сојуз, Кина и нивните сателити. Исто така и голем број на големи сили од „западната демократија" на чело со САД не заостануваа многу на овој план – само што секогаш ја заземаа другата, спротивната страна во конфликтот. Победата на Мао во 1949 година на потенцијалните герилци им ја врати самодовербата и им понуди докази и „гаранција" дека ненародните режими иако помогнати од западните сили, можат да бидат поразени. Моделот на „народната војна" и нејзината стратегија успешно промовирани на глобален план во периодот после завршувањето на Втората светска војна беа мошне успешни. Тоа беше „нова" успешна стратегија и „нова" војна за потенцијалните противници во „новото време" на рушење и распад на огромното колонијално „царство".

И конечно, Маоцетунговата народна војна беше успешна бидејќи беше нова војна на новото време. (Котовчевски, 2004: 37)

## Виетнамското и Латино-Американското отстапување

Герилските тактики кои ги користеле Виетнамските комунисти биле широко применети по Кинески модел. Мао, и Хо Ши Мин зборувале за строги правила за револуционерните војници и администратори. (Asprey, 1957:754-55) Првиот Виетнамски лидер кој овозможил систематки преглед на герилска доктрина бил Тронг Чи кој го повторил она што Мао веќе го имал тврдено. (Laquer, 1957:267) Но, Во Нгуен Џап бил тој што ги надоградувал Маовите идеи. Тој ја прифатил Маовата доктрина за народната војна, со нејзините три фази, важноста на базните области, потребата да се трансформираат герилската сила во регуларна армија, итн. (Giap, 1970:42)

Гиеповата иновација се однесува на транзицијата меѓу втората и третата фаза од народната војна. Тој инсистирал на три предуслови пред да се влезе во последната фаза. Тоа биле:

1. супериорност на револуционерните сили,
2. благонаклонета позиција во светот и
3. забележливо слабеење на решеноста на непријателот.

Во понатамошната модификација, тој ја поделил последната фаза во четири различни под-фази. Првата од нив вклучувала освојување на целосна народна поддршка со цел да се воспостави апсолутна морална супериорност над непријателските сили. Како втор чекор револуционерните армии требало да се модернизираат за да можат да се спротивставаат на противничките сили. Исто така, новостите во меѓународниот развој мора да се истражуваат за да се засили востанието. И последниот чекор се однесува на уште побрзо разгорување на востанието. (Pustay, 1965:43-44)

Поставена од Че Гевара и Регис Дибреј, Латино-Американската варијанта на теоријата за герилското војување и придава важност на Марксистичко-Маоистичката формулација која тврди дека на чело на воените сили треба да биде политичка партија. Во ова тврдење не се укажува на политичката претходница како на нешто што треба да ја креира народната армија, туку само герилските сили сами по себе може да бидат револуционерна мешавина на политички и воен авторитет. Герилците можат да се однесуваат како револуционерна мешавина на политичка и воена власт. Герилците можат да се однесуваат како револуционерна водечка партија во почетна форма. И, во спротивност со Маовата формулација, тие претпоставиле дека пролонгираниот период за внимателно подготвување на наро-

дот не бил неопходен и дека најминималното ниво на народно незадоволство со владата било доволно за да се создаде револуционерна ситуација.(Beckett, 2001:170) Всушност основната лекција која Гевара ја извлекува од Кубанската Револуција била таа дека самото востание може да предизвика Револуција.(Guevara, 1961:15) Такво востание би можело да биде организирано од релативно мала група на герилци. Владината неспособност да ги елиминира мобилните герилци би ја присилило на присилна реакција врз населението. Герилците на овој начин би реагирале како катализатор на поширокото народно востание кое би произлегло од репресиите на владата.(Beckett, 2001:170) Тој се согласил со Маовото тврдење дека герилското војување е почетна фаза на револуционерната битка и дека само регуларните сили можат да го уништат непријателот и тоа со трите фази на герилското војување. (Guevara, 1961:15)

### Урбаното герилско војување и Латинска Америка

Урбаното герилско војување се појави како алтернативна стратегија меѓу Латино-Американските револуционери во доцните 1960-ти после руралните герилски операции кои не успеале да направат Револуција во континентот. Многу поборници за урбани герилски операции, како Гиљермо Лора, Боливискиот Троскаитски лидер, забележал дека герилците се воглавно туѓа појава за селските области. Кога герилците зборувале со руралната популација, не можеле да бидат сигурни дека тие ги разбираат. Бидејќи, тие биле луѓе кои израснале во градови, со средно или повисоко класно потекло, со потешкотии при адаптирањето на тешкиот живот во селата и во идентификување себе си со селаните. (Laquer, 1957:343)

Поборниците за урбаното герилско војување истакнале дека, имајќи го брзиот ритам на урбанизација во Латинска Америка, идејата за селското „обиколување" на градовите е застарена. (Beckett, 2001:174) Бидејќи центрите на економска, воена и политичка моќ сè повеќе се градовите, нападите треба да бидат концентрирани на урбани мети за да се постигне револуционерен успех. Но тоа не значи дека тие сосема ги одбиле нападите во руралните средини. Урбаните операции биле замислени или како прва фаза во востаничкото движење или како дел од вклештено движење изведено во координација со операциите во руралните средини. Значајна карактеристика на нивните излагања биле погледите дека делото било поважно

од мислата и дека „акцијата“ е побитна повеќе отколку постојаната стратегија или јасната политичка намера. Со зборовите на еден поборник, „...причината за постоењето на урбаниот герилец, основната акција во рамките на која дејствува и преживува, е пукање“. Подоцна кога оваа стратегија се покажала како неуспешна, Фидел Кастро се согласил дека градот бил „гробницата“ на револуционерното. (Laquer, 1957:317)

Се забележило дека повеќе предности би се појавиле при усвојувањето на урбана стратегија. Сиромашните квартови како населбите на повисоките класи можат да понудат одлична заштита. Многу е полесно да се набават пари и оружје како и информации за метите. Урбаните операции – напади на банки и продавници, убиства на политички лидери, киднапирање на бизнисмени и странци им се придава поголем публицитет преку медиумите. Во исто време, урбаните герилци биле изложени на силни притисоци. Апсењето макар и на еден герилец ги водело безбедносните сили до целата група заедно со нејзиниот арсенал и водачите. За да се намали ризикот од откривање, тие морале да бидат малубројни, но политичкиот удар на мала анонимна група се докажувал како беззначаен. (Beckett, 2001:151)

Абрахам Гуилен бил меѓу првите поборници за герилското војување.[5] Тој гледал на тоа како на „битка меѓу капитализмот и социјализмот со свој епицентар во големите градови“. (Guillen, 1982:317) Иако тој не ги исклучува руралните герилски операции, тој се држи до тоа дека високо урбанизираните земји, како Уругвај и Аргентина, револуционерните битки треба да ги водат во урбаните области, бидејќи, **„...револуционерниот потенцијал е таму каде што е нацијата“**. Според него, 80% од населението е неопходно, за да се постигне успех. Тој бил и еден од неколкумината Латино-Американски герилски стратези, поборници за водечка улога меѓу изучувачите во револуционерниот процес. (Laquer, 1957:345)

Засновувајќи ги своите идеи врз искуството на Тупамаросите во Уругвај, Гуилен прецизирал дека урбаните герилци треба да се држат во тајност со помош на популацијата. Но не успеал да разјасни како да се надмине таа контрадикција меѓу тајноста во постоењето и масовната поддршка во реални околности. Тој гледал на мобилноста и безбедноста како на два предуслови на герилската стратегија.

---

[5] Шпанец, кој учествувал во Шпанската граѓанска војна. Гуилен бил сместен во Уругвај откако поминал неколку години во Аргентина. Тој во најголем дел ја дал инспирацијата за уругвајското бунтовничко движење – Тупамарос.

За да се обезбедат тие, герилците не би требало да поставуваат фиксни урбани бази. Тие треба да живеат во мали, одделни групи, но да се борат заедно. Лесното оружје, уште и како митралезите и базуките, треба да биде нивното оружје. Герилската тактика треба да биде концентрација на мали, последователни акции, наместо обидите да се заграбат огромни цели. Соочена со стотина герилски единици секоја со по пет лица, полицијата не би имала друг избор, освен да им отстапува терен на герилците, особено навечер. Но најпосле, битката може било кој да ја добие – герилците или безбедносните сили. Гуилен се противи на непотребното насилство затоа што народната армија мора да биде симбол на правда, еднаквост, слобода и безбедност за да се придобие народната поддршка во револуционерната битка. Бидејќи „и повеќе отколку конвенционалната војна, револуционерната војна е форма на политика изведена со насилни средства".(Guillen, 1982:317-322)

Теоријата за урбаното герилско војување го постигнала својот најразвиен израз во пишувањето на Карлос Маригела. Автор на Прирачникот за урбано герилско војување (исто така познат и како Миниприрачник), тој преферирал Револуцијата да се постигне преку вооружена битка. Според него, „вооружената пропаганда" изведена од герилците би ја ослабнала владината власт. И, подоцнежната пресилна реакција која ќе настане како последица, како и репресалиите би го оттуѓиле народот од власта. Иако, слични со претпоставките на Гевара, имало мала разлика во погледите на Маригела: кој ставал акцент на урбаните операции.

Урбаните центри, според него се лесни мети како и безбедни засолништа меѓу густо население. Нападите на урбаните мети гарантирале и поголем публицитет; нешто што е витално за промоцијата на герилската кауза. Тој го гледал градот како тактичка арена а селото како стратегиска арена. Револуционерниот успех би произлегол од комбинирањето на рурални и урбани операции. Како и да е урбаната кампања, била почетната точка. Со тек на време, би се проширила заедно со продолжување во руралниот дел каде би се одвивале последните критични конфронтации меѓу оние кои се на власт и народната армија.

Маригела расправал дека урбаните герилски операции мора да бидат изведени од мала елитна група на посветени револуционери организирани во единици. Основната единица на урбаната герилска армија била „групата за престрелки", која треба да сочинува четворица до петмина луѓе. Две вакви групи кои би оперирале одделно,

би биле „тим за престрелки". Тој бил за тоа да им се даде слобода на акција и донесување на одлуки на овие единици, но не бил наклонет на идејата за бирократска хиерархија или комплексен синџир на командување. Стратегиската команда со регионалната координација на групите би била доволна за да се насочуваат операциите. Тој ставил акцент на тренингот и на потребата за лични квалитети кај урбаните герилци како иницијатива, трпеливост и храброст при несреќите. (Laquer, 1957:345)

**Заклучок**

Важна карактеристика на герилското војување, влеана во револционерните принципи, било вклучувањето на граѓаните од други земји во она што во основа се нарекувало национални борби. Че Гевара бил водечка фигура за време на Студената Војна кој бил по потекло Аргентинец но играл важна улога во Кубанската Револуција и умрел при борба за револуција во Боливија. Овој феномен го достигнува својот врв за време на џихадот кој бил потпомогнат од САД, против Советскиот Сојуз во Авганистан кога биле препознати Муслимански младинци со религиозни побуди низ светот. Последиците им се вратија на САД во форма на терористички напади на 11 Септември 2001 година. Но многу други земји - од Русија до Индија и од Алжир до Филипините – исто така мораа да се соочат со неуспехот донесен од Авганистанското воено поле.

Со последните обиди од страна на САД за „империјална" политика, може да се предвиди повторната појава на герилското војување како средство применето од помалку моќните држави, недржавните востанички групи кога се соочени со реализирана или планирана воена Американска интервенција. Овој феномен е во облик на нешто што веќе постои, особено после „Операцијата за слобода на Ирак". Од оваа перспектива на САД, тие би се нарекувале мали војни, феномен со кој Британија и други империјални сили морале да се борат во децениите кои и претходеле на Првата Светска Војна.

Американскиот успех или неуспех во Блискоисточните земји и другите потенцијални целни земји би одредил дали историјата се пишувала од перспективата на малите војни или од таа на герилското движење кое одново се јавува.

(Рецензент: *проф. д-р Митко Котовчевски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Arreguin, I., (2001), „How the weak win wars: A theory of asymmetric conflict“, International Security, 26/1.

Asprey, R., (1975), „War in the Shadows: The Guerrilla in History“, London.

Asprey, R., (1957), citing from Lawrence's essay on guerrilla warfare, Edition of the Encyclopedia Britannica.

Baylis, J., (1975), „Revolutionary Warfare“, London.

Beckett. I.F., (2001), „Modern Insurgencies and Counter-Insurgencies: Guerrillas and theit Opponents Since 1750“, Routledge, London.

Callwell., (1990), „Small Wars: A Tactical Textbook for Imperial Soldiers“, Greenhill Books, London.

Clausewitz. C., (1989), „On War“, Priceton University Press.

Guevara. C., (1961), „Guerrila Warfare“, Monthly Review Press, New York.

Guillen. A., (1982), „Urban Guerrilla Strategy“ vo Chailand.G., „Guerrilla Strategies: An Historical Anthology from the Long March to Afghanistan“, University of California Press, Berkeley, CA.

Huntington, S., (1962),“Modern Guerrilla Warfare: Fighting Communist Guerrilla Movements“, The Free Press, New York.

Котовчевски. М., (2004), „Вооружениот бунт однатре“, Современа Македонска одбрана, бр. 9.

Laquer, W.,(1957), citing from Lawrence's essay on guerrilla warfare, Edition of the Encyclopedia Britannica.

Lawrence, T.I., (1957), „Essay on guerrilla warfare“, Edition of the Encyclopedia Britannica.

Lenin, V.I, (1978), „Guerrila Warfare“ kaj Walter Laquer: „The Guerrilla Reader: A Historical Anthopology“, Wildwood House, London.

Lewis, G., (1971), „Guerrillas in History“, Hoover Institution Press, Stanford University, California.

Mack, A., (1975), „Why Big Nations Lose Small Wars: The Politics of Asymmetric Conflict“, World Politics, 27/2.

Nguyen.V.G., (1970), „Banner of People's War, the Party's Military Line“, Praeger Publishers, New York.

Pustay. J. S., (1965), „Counterinsurgency Warfare“, The Free Press, New York.

Tse-Tung, M and Guevara, C., (1978), „Guerrilla Warfare“ and Introduction by Griffith.S, Cassell, London.

Tanja MILOSEVSKA

# THE CONCEPT OF GUERIILLA WARFARE

## Summary

*Guerrilla warfare is not a new phenomenon and history is witness to its repeated occurrence. In the modern era it acquired prominence during the Napoleonic Wars, which led to an examination of its role by leading nineteenth-century thinkers, including Claysewitz, Jomini, Marx and Engels.*

*Over the course of the subsequent century, the concept and practice of guerrilla warfare was integrated within social, economic and political programmes that aimed to overthrow established authority and transform society through an armed struggle. That linked that was forged in the mid-nineteenth century by Italian and Polish revolutionarities like Carlo Bianco and Mazzini achieved fruition in the writings and practice of Mao Tse-Tung in the twentieth century. This paper traces conceptualisation, evolution and articulation of guerrilla warfare.*

***Keywords:*** *GUERRILLA WARFARE, REVOLUTIONARY WAR AND URBAN OPERATIONS.*